## Слободни ученички активности

| | |
|---|---|
| Наставник | Павлинка Вељаноска |
| Училиште | ООУ,,Гоце Делчев'' Неготино |
| Одделение/ година | 8 одд. |
| Наставен предмет | Информатика, Уметност, Природни науки, Музика |
| Наставна содржина | Слободни ученички активности |
| Наставни цели | Учениците<br>- да се запознаат со нова алатка која ќе ја користат во наставата за далечинско учење<br>- да ги развиваат своите креативни вештини<br>- да користат соодветна музика за анимирање<br>- да користат нови техники за формативно оценување<br>-да создаваат ресурси за учење |
| Дигитални ресурси (линк и опис на користење) | Учениците се запознаваат со користење на алатката за создавање на анимирани видеа во кои може да се вметне текст (https://www.renderforest.com/). Со оваа алатка, на забавен начин учениците изготвуваат презентации од последните лекции од групата на природни науки (хемија, физика и биологија). На тој начин ги утврдуваат содржините, но ја развиваат и креативноста, одбираат соодветна музика за движењето и содржината на анимациите. |
| Авторски права на ресурсите и права за споделување | https://www.renderforest.com/ е слободна за користење и споделување на изработените содржини на едноставен начин. |
| Опис на (асинхрони) активности кои треба да се реализираат пред виртуелниот час | Изработка на кратка презентација од страна на наставникот за користење на алатката https://www.renderforest.com/. Подготовка на видео од страна на наставникот како пример за учениците. |
| Опис на (синхрони) активности за време на виртуелниот час | Запознавање на учениците со можностите на алатката https://www.renderforest.com/ преку презентација.<br>Насоки за изработка на видео со претходно изготвен план (storyboard) во врска со последната лекција по физика, хемија или биологија. Разработка на планот за создавање на анимација е-наставник. Разговор со учениците колку ќе бидат важни нивните изработки како ресурси за кратки лекции-потсетници, за другите ученици, но и колку преку изработката на видео анимациите ќе научат и тие самите на забавен и |

This event is supported by the European Commission's H2020 programme – project Scientix 4 (Grant agreement N. 101000063), coordinated by European Schoolnet (EUN). This event is the sole responsibility of the organizer and it does not represent the opinion of European Schoolnet or the European Commission (EC), and the EC is not responsible for any use that might be made of information contained herein.

| | |
|---|---|
| | креативен начин. Во текот на часот, учениците пробуваат да изработат видео од три слајдови за нивно претставување. Споделување на изработките на учениците. Презентација на изработката од наставникот за домашната задача на учениците. https://www.renderforest.com/watch-43705012?fbclid=IwAR3jsF8RUWussCEBEmYxvW4eRcvsZv3HSolHoJkBRt-Z54SJDSbRCRvAsGw# |
| Опис на (асинхрони) активности кои треба да се реализираат после виртуелниот час | Индивидуални консултации со учениците, доколку наидат на некој проблем при изработка на домашните задачи. |
| Начин на остварување на интеракција со и помеѓу учениците | Изработка на кратки видеа со споделување на екранот е начин на интеракција со која учениците заедно ги совладуваат начините на работа во оваа алатка и заедно ги разрешуваат проблемите на кои наидуваат под надзор и насоки на наставникот. |
| Евалуација на знаењето на учениците | Содржините се планирани за слободни ученички активности. Тука, до израз доаѓа заинтересираноста на учениците за нови содржини, развивање на вештини и креативност. При изработката и презентацијата на видео-анимациите се дава повратна информација од страна на наставникот и соучениците. |
| Рефлексија од примена на активноста во пракса | - учениците покажаа голема заинтересираност за алатката https://www.renderforest.com/ <br>- со оваа алатка може да се работи и од смарт телефон <br>- оваа алатка е погодна како техника во превртена училница <br>- како недостаток, учениците истакнаа дека има малку простор за текст, но насоката беше дека треба да се вметнат најважните поенти. <br>- изработките на учениците се многу креативни и ќе служат како образовни ресурси за останатите ученици. |

Фотографии, илустрации од реализацијата на часот







This event is supported by the European Commission's H2020 programme – project Scientix 4 (Grant agreement N. 101000063), coordinated by European Schoolnet (EUN). This event is the sole responsibility of the organizer and it does not represent the opinion of European Schoolnet or the European Commission (EC), and the EC is not responsible for any use that might be made of information contained herein.